# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службенвесник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12 и 15/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИИТЕ ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИ СРЕДИНИ И НАЧИНОТ ЗА НИВНО ОДОБРУВАЊЕ (*) 1

## I. Општа одредба

### Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и методологијата за подготовка на стратегиите за локален развој на рурални средини (во понатамошниот текст: Стратегијата) и начинот за нивно одобрување.

## II. Содржина на Стратегијата

### Член 2

Стратегијата ги содржи следниве елементи:
1. Граница и територија на Локалната акциона група (во понатамошниот текст: ЛАГ) со географски карактеристики (површина и граници на територијата на ЛАГ, културно, историско и природно наследство, релјефни и климатски карактеристики, состојба на инфраструктурата),
2. Состав и квалификување на ЛАГ;
3. Основање на Раководно тело на ЛАГ (Управување со ЛАГ);
4. Процес на изработка на Стратегијата на ЛАГ-от:
- карактеристики на партнерството за подготовка и спроведување на Стратегијата,
- примена на принципот„оддолу-нагоре" и учеството на различни засегнати страни, со активно вклучување на загрозените социо-економски групи, жените и младите во подготовката и спроведувањето на стратегијата,
5. Територијална анализа на локалната област:
- економски карактеристики на територијата на ЛАГ (главна економска активност, состојба на економијата, пазар на работна сила) и
- демографски и социолошки карактеристики на територијата на ЛАГ (број и густина на населението, демографски развој, образовна структура на населението, образование и култура).
6. Предности и недостатоци и можности и ризици за развој на локалната област (во понатамошниот текст: СВОТ анализа);
7. Усогласеност со другите стратегии и програми и тоа со стратешките документи на национално, регионално и локално ниво на територијата опфатена со Стратегијата (краток опис на односот на стратегијата со другите развојни документи).
8. Стратешко планирање кое опфаќа стратешки цели, приоритети и мерки;
9. Опис на планираните активности и идеи и/или примери за проектите што треба да се

спроведат;
10. Планирана меѓунационална и меѓутериторијална соработка;
11. Постапка на следење и самооценување преку:
- следење на спроведувањето на стратегијата и мерење на ефектите од спроведувањето на стратегијата, критериуми и индикатори за оценување на ефикасноста и
- план за спроведување на Стратегијата и активности за постигнување на целите.
12. Односи со јавноста и
13. Финансиски предвидувања:
- финансиско управување и спроведување на Стратегијата.

Деталната содржина на Стратегијата е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

# III. Методологија за подготовка на Стратегијата

## Член 3

Процесот на изработка на Стратегијата опфаќа:
- Идентификување на карактеристиките на ЛАГ-от;
- Изготвување на анализа на територијата на ЛАГ-от;
- Определување на визија на Стратегијата;
- Определување на стратешки цели, приоритети и мерки;
- Спроведување на Стратегијата и
- Оформување на конечна верзија на Стратегијата.

При изработка на Стратегијата се применува методот на консултација на заинтересираните страни според пристапот „оддолу нагоре", каде заинтересираните страни ги идентификуваат сопствените капацитети и потреби и даваат решенија и мерки за надминување на проблемите.

При изработка на Стратегијата се применува методот на партиципација на заинтересираните страни според принципот на партнерство,така што соодветно да ги претставуваат интересите на локалните заедници со учество на општините, физички и правни лица и здруженија на граѓани.

## Член 4

При идентификување на карактеристиките на ЛАГ-от се определуваат:
- географските карактеристики;
- економската состојба;
- демографските и социолошките карактеристики и
- опис на тековните активности на територијата на ЛАГ-от.

При идентификување на карактеристиките на ЛАГ-от се консултираат општините, физичките и правни лица и здруженијата на граѓани.

Идентификуваните карактеристиките на ЛАГ-от служат како основа за дефинирање на стратешките цели и приоритети во Стратегијата.

## Член 5

Анализата на територијата на ЛАГ-от ги опфаќа карактеристиките и потенцијалот за развој на територијата на ЛАГ-от и тоа:
- територијална анализа на локалната област и
- СВОТ анализа.

Анализата на територијата на ЛАГ-от претставува основа за изработка на аналитичкиот дел од Стратегијата.

## Член 6

Со стратешкото планирање се определува долгорочната цел на политиката локален развој на руралните средини во Република Македонија.

Стратешкото планирање треба да биде јасно и да ги содржи главните елементи кои ја отсликуваат состојбата што се настојува да се постигне на крајот од периодот на спроведување на Стратегијата.

Стратешкото планирање треба да се заснова на основните цели и принципи на политиката за интегриран развој во руралните области во Република Македонија.

## Член 7

Стратешките цели треба да бидат во согласност со стратешкото планирање.

За секоја стратешка цел се определуваат приоритети и мерки за нивна реализација.

Стратегијата треба да прикаже како се реализираат стратешките цели преку мерките, постапките на раководење и следење, финансискиот план и одговорност за спроведување на Стратегијата.

Стратегијата треба да содржи опис на планираните активности и мерки што треба да се спроведат, преку вклучување на иновативен карактер во создавање на решенија.

Стратешки цели, приоритети и мерки треба да покажат јасна усогласеност со други релевантни стратегии од национално, регионално и локално ниво.

Стратегијата треба да понуди одржливи решенија за економските, социјалните и еколошките проблеми за територијата опфатена со ЛАГ преку мобилизирање на локалните потенцијали.

Стратегијата треба јасно да ги дефинира сферите и можностите на соработка на ЛАГ-от со други ЛАГ-ови и останати субјекти.

## Член 8

Спроведувањето на Стратегијата вклучува:
- акционен план за спроведување;
- финансиски план;
- следење;
- проценка;
- известување и
- публицитет.

Акциониот план за спроведевање на Стратегијата вклучува:
- стратешки цели, приоритети и мерки за спроведување на приоритетите на локалниот развој во руралните средини;
- индикатори за следење за спроведување на мерките;
- извори на финансирање и
- други елементи, согласно потребите на територијата на ЛАГ-от.

# IV. Начин на одобрување на Стратегијата

## Член 9

Стратегијата на ЛАГ се одобрува врз основа на проверка за исполнување на условите за изработка на Стратегијата, преку комисија која врши оценување на квалитетот на Стратегијата на ЛАГ, според бодувањето за рангирање дадено во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Најголем број на бодови што може да ги добие еден ЛАГ за квалитетот на Стратегијата изнесува 60 бодови, согласно со бодувањето дадено во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

При одобрувањето на Стратегијата на ЛАГ од барателот може да се побара дополнителни објаснувања и/или надополнувања во врска со стратегијата.

Барателот го доставува дополнителното објаснување и/или надополнувањето во врска со стратегијата во рок од 15 дена од приемот на барањето за дополнително објаснување.

За да се одобри, стратегијата треба да добие најмалку 45 бодови од вкупно 60, при што:
- за подготовка на стратегијата минимум 9 бодови од вкупно 9 бодови,
- за релевантност е потребно минимум 8 бодови од вкупно 12 бодови,
- за изводливост е потребно минимум 12 бодови од вкупно 16 бодови,
- за одржливост е потребно минимум 6 бодови од вкупно 10 бодови,
- за хоризонтални прашања е потребно минимум 3 бодови од вкупно 6 бодови и
- за влијание на стратегијата минимум 7 бодови од вкупно 7 бодови.

По завршување на оценувањето на квалитетот на Стратегијата на ЛАГ се составува извештај и листа на стратегии кои треба да бидат одобрени.

# V. Завршна одредба

## Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.30-4971/2
6 март 2013 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**Прилог 1: Детална содржина на Стратегија на ЛАГ за локален развој на руралните средини**

Поглавја:

**1: Граница и територија**
1.1: Географски карактеристики
**2: Состав и квалификување на локалната акциона група (ЛАГ)**
2.1: Организациона структура
2.2: Состав на Локалната акциона група
2.3: Планирани активности
2.4: Правила, задачи и режим на операции
**3: Основање на Раководно тело на ЛАГ (Управување со ЛАГ)**
3.1: Организирање и работење
3.2: Задачи и одговорности
3.3: Финансирање на ЛАГ
**4: Процес на изработување на Стратегијата на ЛАГ-от**
**5: Територијална анализа на локалната област**
5.1: Население
5.2: Економија и вработување
5.3: Земјоделство
5.4: Природа и животна средина
5.5: Туризам
5.6: Инфраструктура/ капацитети
5.7: Образование и структурен развој
5.8: Други мерки за структурен развој (финансирани од ЕУ, државна помош)
**6: Предности и недостатоци на локалната област (СВОТ анализа)**
**7: Усогласеност со другите стратегии и програми**
7.1: Краток опис на односот на стратегија со други развојни документи
**8: Стратешко планирање (визија, стратешки цели, приоритети и мерки)**
**9: Опис на планираните активности и идеи и/или примери за проектите што треба да се спроведат**
**10: Планирана меѓунационална и меѓутериторијална соработка**
**11: Постапка на следење и самооценување**
11.1: Опис на системот за следење и процесот на самооценување
11.2: Индикатори и цели
**12: Односи со јавноста**
**13: Финансиски предвидувања**
13.1: Финансиски план
13.2: Можни извори на финансирање
13.3: Начин на ко-финансирање

**Прилог 2: Бодување за одобрување на Стратегијата**

| Критериуми | БОДОВИ |
|---|---|
| **1. Подготовка на стратегијата** | **9** |
| 1.1. Принцип „оддолу-нагоре" | 4 |
| 1.2. Принцип на партнерство | 5 |
| **2. Релевантност** | **12** |
| 2.1. Складност на Стратегијата со карактеристиките и потребите на територијата на ЛАГ-от | 6 |
| 2.2. Врска на мерките од Стратегијата со мерките од другите развојни документи | 6 |
| **3. Изводливост** | **16** |
| 3.1. Целокупна структура на стратегијата | 5 |
| 3.2. Способност за финансиско управување и спроведување | 5 |
| 3.2. Квалитет на партнерството за подготовка и спроведување на Стратегијата | 3 |
| 3.3. Квалитет на Раководното тело на ЛАГ-от | 3 |
| **4. Одржливост** | **10** |
| 4.1. Одржливост на Стратегијата | 10 |
| **5. Хоризонтални прашања** | **6** |
| 5.1. Иновативност | 4 |
| 5.2. Родова еднаквост | 1 |
| 5.3. Информатичко – комуникациска технологија (ИКТ) | 1 |
| **6. Влијание на стратегијата** | **7** |
| 6.1. Создавање можности за економски развој | 4 |
| 6.2. Подобрување на квалитетот на живеење | 3 |
| **ВКУПНО** | **60** |

**Прилог 3: Бодување на квалитетот на Стратегијата според критериумите за рангирање**

| КРИТЕРИУМИ | | | БОДОВИ |
|---|---|---|---|
| **1. Подготовка на Стратегијата** | | | |
| Принцип „оддолу-нагоре" | Јасно изразен начинот на вклученост и консултации на заинтересираните страни во изработката на Стратегијата(форуми, работилници, работни групи) | ако „да" 2<br>ако „не" 0 | 2 |
| | Јасно опишан процес на изработка на стратегијата (методолошки, конзистентност) | ако „да" 2<br>ако „не" 0 | 2 |
| Принцип на партнерство | Рамноправна застапеност на претставниците од јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор во подготовката на стратегијата | ако „да" 2<br>ако „не" 0 | 2 |
| | Активно вклучување на младите во подготовката и спроведувањето на стратегијата | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| | Активно вклучување на жените во подготовката и спроведувањето на стратегијата | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| | Активно вклучување на загрозените социо-економски групи во подготовката и спроведувањето на стратегијата | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2. Релевантност** | | | |
| Складност на Стратегијата со карактеристиките и потребите на територијата на ЛАГ-от | Анализа на територијата | - добра<br>- просечна<br>- не задоволува | 2<br>1<br>0 |
| | СВОТ анализа | - добра<br>- просечна<br>- не задоволува | 2<br>1<br>0 |
| | Целите на стратегијата придонесуваат за решавање на специфичните проблеми на територијата | - многу добро придонесуваат<br>- делумно придонесуваат<br>- слабо придонесуваат | 2<br>1<br>0 |
| Врска на мерките од Стратегијата со мерките од другите развојни документи | Врска со стратегиите за рурален развој | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| | Врска со Програмите за развој на планските региони | - предложените мерки во стратегијата се во согласност со Програмите за развој на планските региони<br>- предложените мерки во стратегијата не се во согласност со Програмите за развој на планските региони | 1<br>0 |
| | Врска со други релевантни Стратегии на национално ниво | - предложените мерки во стратегијата се во согласност со други релевантни стратегии на национално ниво<br>- предложените мерки во стратегијата не се во согласност со други релевантни стратегии на национално ниво | 1<br>0 |
| | Врска со ИПАРД Програмата | •предложените мерки во стратегијата се во согласност со ИПАРД Програмата<br>•предложените мерки во стратегијата не се во согласност со ИПАРД Програмата | 2<br>0 |
| | Врска со другите претпристапни фондови на ЕУ (ИПА) | • предложените мерки во стратегијата се наоѓаат во рамките на другитепретпристапни фондови на ЕУ (ИПА)<br>• предложените мерки во стратегијата не се наоѓаат во рамките на другитепретпристапни фондови на ЕУ (ИПА) | 1<br>0 |
| **3. Изводливост** | | | |
| Целокупна структура на стратегијата | Кохерентност на логиката на Стратегијата (цели, приоритети и мерки) | • добра конзистентност<br>• просечно ниво на конзистентност<br>• ниско ниво на конзистентност | 2<br>1<br>0 |
| | Стратегијата е јасна и изводлива | • изводлива<br>• изводлива, но со потешкотии<br>• не е изводлива | 2<br>1<br>0 |
| | Стратегијата содржи показатели кои се мерливи и можат да се верификуваат | • поставени се мерливи и релевантни показатели<br>• нема показатели или показателите не се релевантни | 1<br>0 |
| Способност за финансиско управување и спроведување | Финансиските предвидувања се јасно изразени до детален финансиски план кој ги опфаќа сите предвидени активности и приоритети и дистрибуција на предвидените средства | • јасно изразени<br>• не се јасноизразени | 3<br>0 |
| | Стратегијата јасно ги дефинирала изворите на финансирање | • јасно дефинирани<br>• не се јасно дефинирани | 1<br>0 |
| | Финансискиот план има јасно дефиниран начин на кофинансирање на планираните активности | • јасно дефиниран<br>• не е јасно дефиниран | 1<br>0 |
| Квалитет на партнерството за подготовка и спроведување на Стратегијата | Сите членови на ЛАГ-от учествуваат во подготовката, управувањето и спроведувањето на стратегијата и постои јасно изразена поделба на задачите помеѓу членовите на ЛАГ-от | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| | Постојат ефикасни и транспарентни постапки за работа на ЛАГ-от | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| | Обезбедени се сопствени средства на членовите на ЛАГ-от за подготовка и спроведување на Стратегијата | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Квалитет на Раководното тело на ЛАГ | Управителот на ЛАГ-от има завршено високо или висока стручна спрема; има минимум 3 години работно искуство во подготовка и спроведување на стратешки плански документи и управување со развојни проекти | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| | Членовите на Раководното тело на ЛАГ-от имаат искуство од областа за подготовка и спроведување на стратешки плански документи и управување со развојни проекти | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| | Во финансирањето на работата на Раководното тело на ЛАГ-от учествуваат членовите на ЛАГ-от со сопствени средства и ЛАГ-от има техничка опремена канцеларија | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| **4. Одржливост** | | | |
| Одржливост на Стратегијата | Влијание врз животната средина | • Нема негативно влијание врз животната средина<br>• делумно негативно влијание врз животната средина | 2<br>0 |
| | Користење на локалните ресурси | • предвидени<br>• не се предвидени | 2<br>0 |
| | Употреба на обновливи извори на енергија | • предвидени<br>• не се предвидени | 2<br>0 |
| | Енергетска ефикасност | •придонесува за енергетска ефикасност<br>• не придонесува за енергетска ефикасност | 2<br>0 |
| | Истражување и развој на нови производи | •придонесуваат за истражување и развој на нови производи<br>• не придонесуваат за истражување и развој на нови производи | 2<br>0 |
| **5. Хоризонтални прашања** | | | |
| Иновативност | Стратегијата има јасно нагласен иновативен карактер во понудените решенија | ако „да" 2<br>ако „не" 0 | 2 |
| | Стратегијата има јасно нагласен иновативен карактер во процесите на мобилизирање и вклучување на заинтересираните страни во спроведување на Стратегијата | ако „да" 2<br>ако „не" 0 | 2 |
| Родова еднаквост | Стратегијата промовира родова еднаквост | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| Информатичко – комуникациска технологија (ИКТ) | Стратегијата промовира употреба на ИКТ | ако „да" 1<br>ако „не" 0 | 1 |
| **6. Влијание на стратегијата** | | | |
| Создавање можности за економски развој | Мерките предвидени во стратегијата го поттикнуваат претприемништвото | - Повеќето мерки во стратегијата го поттикнуваат претприемништвото<br>- Мерките на стратегијата не го поттикнуваат претприемништвото | 2<br>0 |
| | Мерките предвидени во стратегијата го поттикнуваат вработувањето | - Повеќето мерки во стратегијата го поттикнуваат вработувањето<br>- Мерките на стратегијата не го поттикнуваат вработувањето | 2<br>0 |
| Подобрување на квалитетот на живеење | Мерките предвидени во стратегијата придонесуваат за подобрување на квалитетот на живеење | - Повеќето мерки во стратегијата придонесуваат за подобрување на квалитетот на живеење<br>- Мерките на стратегијата не придонесуваат за подобрување на квалитетот на живеење | 3<br>0 |
| **ВКУПНО** | | | **60** |